2802
15
15-04-2022

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА
Сектор за правни работи-Одделение за прекршочна постапка

01.10.00.УП.001.06-ОБ.05.06

Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа на Република Македонија во состав: Маринела Бојаџиева како претседател и членовите Наим Рамети и Дејан Атанасовски, повторно одлучувајќи во прекршочната постапка во прв степен по барање за поведување на прекршочна постапка број 28-091450/15-0004 од 11.12.2015 година на Секторот на контрола и истраги-Одделение за оперативни работи при Царинска управа на Република Македонија, поведена против Едуардос Келасидис од Република Грција, за девизен прекршок од член 56-а став 7 вв. став 1 точка 22 од Законот за девизно работење, врз основа на член 57-б став 3 од Законот за девизно работење и член 62 став 2 од Законот за прекршоците, на ден 18.03.2022 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Едуардос Келасидис од Република Грција, роден на 30.08.1980 година, во Гоуниа Кала Цалка, Грузија со адреса на живеење : Капетан Капса број 7, ПП 317, Калитеа, Халкидики, во Република Грција, со патна исправа број AI3471851, издадена на ден 23.05.2012 година од МВР на Република Грција, државјанин на Република Грција.

СЕ УТВРДУВА ДЕКА Е СТОРИТЕЛ НА ДЕВИЗЕН ПРЕКРШОК
по член 56-а став 7 вв. став 1 точка 22 од Законот за девизно работење

Затоа што
На ден 11.12.2015 година, околу 19:20 часот, на граничниот премин Табановце за излез од Република Македонија се пријавило патничко моторно возило марка Мерцедес Ц, со грчки регистарски таблици MN0878011, управувано од лицето Георгиос Делидис од Република Грција додека како совозач во возилото бил присутен и Едоуардос Келасидис. На прашање на царинскиот службеник дали имаат нешто да пријават нешто за царина, горенаведените лица одговориле дека немаат ништо за пријавување. По извршената детална контрола на возилото и извршениот личен претрес кај лицето Едоуардос Келасидис во предниот десен џеб од фармерките пронајдени биле вкупно 40.000 евра, кој истиот не го пријавил и не поседувал никаков документ за потекло на парите.
Согласно, Законот за девизно работење му биле вратени 10.000 евра, а останатите 30.000 евра му биле одземени.

Со горенаведното дејствие Едуардос Келасидис од Република Грција, сторил, девизен прекршок по член 56-а став 7 во врска со став 1 точка 22 од Законот за девизно работење, поради кое од страна на Комисијата

МУ СЕ ИЗРЕКУВА

1. Глоба во износ од 1.500 (илјада и петстотини) евра во денарска противвредност од 92.250,00 денари, пресметани по курсот на еврото на денот на изрекување на глобата.

Која сторителот е должен глобата да ја плати во рок од 8 (осум) дена од денот на правосилноста на решението на образец ПП50-налог за јавни приходи, цел на дознака-глоба по решение Пр.бр.1235/15 на Царинска управа на РМ, примач Буџет на РМ, банка на примач НБ на РМ на сметка 100-0000000630-95, уплатна сметка 840-(број на општина)-05103, приходна шифра 722119 00, истата да ја достави во оригинал до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинска управа, улица Колекторска б.б., Скопје.

Едуардос Келасидис од Република Грција, МУ СЕ ИЗРЕКУВА и посебна прекршочна мерка одземање на девизни средства во висина од 30.000 евра, како предмет на девизниот прекршок, а согласно член 57 став 2 од Законот за девизно работење.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Вишиот управен суд со пресудата УПРЖ.бр.498/2019 од 14.01.2020 година, жалбата на Едуардос Келасидис од Република Грција, се уважува: Пресудата на Управниот суд Упрц.бр.124/2016 од 22.02.2018 година се преиначува и се одлучува: тужбата на тужителот Едуардос Келасидис од Република Грција, се уважува, а решението на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциskiот надзор и прекршочната постапка УП2 Бр.0907-98 од 18.02.2020 година се поништува.

Вишиот управен суд во пресудата УПРЖ.бр.498/2019 од 14.01.2020 годин, наведува дека тужениот орган спровел незаконита постапка во која неправилно го применил материјалниот закон, затоа што при изрекување на глобата ја применил одредбата од член 56-а став 7 вв став 1 точка 22 од Законот за девизно работење, без при тоа да го има во предвид Законот за изменување и дополнување на законот за девизно работење (Сл.весник на РСМ број 153/2015 од 04.09.2015 година), а кои измени се однесуваат на висината на изречената глоба на сторителот на прекршок, а во кој случај требало да ја примени изменетата законска одредба. Па при повторно постапување органот ќе треба да ги има во предвид дадените напатствија и правилно да го примени материјалниот закон во смисла што ќе го има во предвид одлучување Законот за изменување и дополнување на законот за девизно работење (Сл.весник на РСМ број 153/2015 од 04.09.2015 година), а кои измени се однесуваат на изречената глоба на сторителите на прекршок каде е предвидено дека глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе се изрече на физичко лице резидент и нерезидент, ако внесува или изнесува ефективни странски пари, чекови и монетарно злато спротивно на условите утврдени од Владата на Република македонија и Народната банка на Република Македонија (чл.29).

Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, со решение УП2 Бр.0907-98 од 28.05.2020 година, а донесено по укажувањата на Вишиот управен суд дадени во Пресудата УПРЖ.бр.498/2019 од 14.01.2020 година, жалбата на Едуардос Келасидис од Република Грција, изјавена преку полномошник адвокат Боро Тасевски од Скопје, против решението на Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа на Република Северна Македонија број

28-094450/15 Прк.бр.1235/15 од 12.12.2015 година, се уважува, решението на Комисијата се поништува и предметот се враќа на повторна постапка, со напомена при повторно постапување и одлучување, првостепениот орган да ги има во предвид укажувањата на Вишиот управен суд дадени во горенаведената пресудаи врз основа на правилно и целосно утврдена фактичка состојба да одлучи со јасно, образложено и на закон засновано решение.

Постапувајќи по дадените напатствија во решението на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, со решение УП2 Бр.0907-98 од 28.05.2020 година, како и дадените напатствија во Пресудата УПРЖ.бр.498/2019 од 14.01.2020 година на Вишиот управен суд, Комисијата утврди дека согласно член 62 од Законот за прекршоците, постојат законски услови за спроведување на прекршочната постапка и донесување одлука, при што ја спроведе доказната постапка при што изврши увид во: барање за поведување на прекршочна постапка број 28-091450/15-0004 од11.12.2015 година на Секторот на контрола и истраги- Одделение за оперативни работи при Царинска управа на Република Македонија, потврда за привремено задржани предмети-девизи број 28-091450/15-0003 од 11.12.2015 година, записник-ПП 101421112150001 (28-091450/15-0006) од 11.12.2015 година, спецификација за задржани девизни средства, записник за депонирање на привремено одземени средства бр.ПП 101421112150001 (28-091450/15-0005) од 11.12.2015 година, заверен од Народна банка, записник за усна расправа број 28-091450/15-0009 од 12.12.2015 година, записник за претрес на ПМВ број 28-091450/15-0001 од 11.12.2015 година, записник за претрес на лице број 28-091450/15-0002 од 11.12.2015 година, фотокопија од патна исправа, решение број УП2 бр.0907-98 од 18.02.2016 година на Државната комисија, Пресуда на Управниот суд Упрц.бр.124/2016 од 22.02.2018 година, Пресуда на Вишиот управен суд УПРЖ.бр.498/2019 од 14.01.2010 година, Пресудата УПРЖ.бр.498/2019 од 14.01.2020 година на Вишиот управен суд, Решение УП2 Бр.0907-98 од 28.05.2020 година на Државната комисија, по што ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 11.12.2015 година, околу 19:20 часот, на граничниот премин Табановце за излез од Република Македонија се пријавило патничко моторно возило марка Мерцедес Ц, со грчки регистарски таблици MN0878011, управувано од лицето Георгиос Делидис од Република Грција додека како совозач во возилото бил присутен и Едоуардос Келасидис. На прашање на царинскиот службеник дали имаат нешто да пријават нешто за царина, горенаведените лица одговориле дека немаат ништо за пријавување. По извршената детална контрола на возилото и извршениот личен претрес кај лицето Едоуардос Келасидис во предниот десен џеб од фармерките пронајдени биле вкупно 40.000 евра, кој истиот не го пријавил и не поседувал никаков документ за потекло на парите.
Согласно, Законот за девизно работење му биле вратени 10.000 евра, а останатите 30.000 евра му биле одземени.

Согласно, законот за девизно работење на лицето Едуардос Келасидис, му биле вратени 10.000 (десет илјади) евра кои можел слободно да ги изнесе од Република Македонија без да ги пријави, додека останатите 30.000 (триесетилјади) евра, биле привремено

задржани со потврда за привремено задржани предмети број 28-091450/15-0003 од 11.12.2015 година и истите депонирани во Трезорот на Народна Банка на Република Македонија.

Со горенаведното дејствие Едуардос Келасидис од Република Грција, сторил, девизен прекршок по член 56-а став 7 во врска со став 1 точка 22 од Законот за девизно работење.

Согласно член 29 став 1 од Законот за девизно работење Владата на Република Македонија ги пропишува условите и висината на износот на ефективни странски пари и чекови кои можат да се внесуваат во Република Македонија или изнесуваат од Република Македонија. Согласно став 4 од истиот член резидентите и нерезидентите при преминот на државната граница должни се износот на ефективни домашни и странски пари, чекови и монетарно злато кои ги внесуваат или изнесуваат над износите утврдени со актите од ставовите 1 и 2 на овој член, задолжително да го пријават кај надлежните царински органи.

Согласно член 3 од Одлуката на Владата на Република Македонија, за условите и висината на износот на ефективни странски пари и чекови кои можат да се внесуваат или изнесуваат од Република Македонија, (Службен весник на Република Македонија број 128/14), нерезидентите можат во Република Македонија слободно да внесуваат ефективни странски пари и чекови кои гласат на странски пари во противвредност до 10.000 евра. Согласно став 2 од истиот член нерезидентите можат во Република Македонија да внесуваат ефективни странски пари и чекови кои гласат на странски пари во противвредност до 10.000 евра и повеќе, само доколку при преминот на државната граница кај надлежните царински органи го пријават износот на ефективни странски пари и чекови што го внесуваат. Согласно став 3 од истиот член нерезидентите можат при преминот на државната граница кај надлежните царински органи да пријават и ефективни странски пари и чекови кои гласат на помал износ од износот од став (2) на истиот член. Согласно став 4 од истиот член пријавувањето на износот на ефективни странски пари и чекови од ставовите (2) и (3) на овој член задолжително се врши на Образец за пријавување на ефективни странски и домашни пари и чекови кои резидентите и нерезидентите ги внесуваат или изнесуваат од Република Македонија, пропишани согласно Правилникот за образецот за пријавување на ефективни странски и домашни пари и чекови кои резидентите и нерезидентите ги внесуваат или изнесуваат од Република Македонија.

Согласно член 56-а став 7 вв. став 1 точка 22 од Законот за девизно работење, а имајќи го во предвид и Законот за изменување и дополнување на законот за девизно работење (Сл.весник на РСМ број 153/2015 од 04.09.2015 година), глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе се изрече на физичко лице резидент или нерезидент, ако внесува или изнесува ефективни домашни и странски пари, чекови и монетарно злато спротивно на условите утврдени од Владата на Република Македонија и Народната банка на Република Македонија.

Согласно член 57 став 2 од Законот за девизното работење, за сторените прекршоци од член 56-а од овој закон, покрај глобата ќе се изрече и посебна прекршочна мерка одземање на предмети со кои бил извршен прекршокот или кои биле наменети за извршување на прекршокот или кои настанале со извршување на прекршокот.

Врз основа на вака утврдената правна и фактичка состојба, која произлегува од приложените писмени докази, Комисијата несомнено утврди дека сторителот Едуардос Келасидис од Република Грција, се обидел да изнесе од Република Македонија ефективни странски пари во износ од 30.000 евра, спротивно на условите утврдени од Владата на Република Македонија, без истите да ги пријави на царинските органи.

Од причина што непријавувањето на ефективните странски пари претставува конститутивен елемент за постоење на прекршокот и прекршочната одговорност на сторителот, Комисијата утврди дека во дејствието на сторителот се содржани обележјата на прекршокот за кој што се товари.

При повторно одлучување, Комисијата ги имаше во предвид укажувањата и насоките дадени во решението УП 2.бр.1132-17 од 25.06.2020 година на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, па Комисијата одлучи како во диспозитивот на решението.

При одмерување на висината на глобата, имајќи ги предвид одредбите на член 25 од Законот за прекршоци Комисијата ги ценеше сите околности кои влијаат на санкцијата, степенот на одговорноста на сторителот, побудите од кои е сторен прекршокот, а особено што истиот паричните средства не ги пријавил на царинските органи, како отежителни околности, па смета дека со вака изречената глоба од 1.500 евра и изречената посебна прекршочна мерка одземање на 30.000 евра, ќе се постигне целта на изрекување на прекршочна санкција.

Упатство за правно средство:
Против ова решение незадоволната странка има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на решението, преку Комисијата за одлучување по прекршок до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, таксирана со 250,00 денари административни такси, во готови пари на уплатна сметка 840-XXX-03161 во рамките на трезорската сметка. Жалбата го одлага извршувањето на решението, освен кога жалбата е изјавена од странец.

Претседател на комисија,
Маринела Бојациева

Бр. 28-09450/15-0027
Скопје,18.03..2022 година
Прк.бр.1235/15

Доставено во оригинал до:
- сторителот
- архива
-предмет

Доставено преку ЕДМС до:
-подносителот

Изработил:Маринела Бојаџиева